**ИЗВРШИТЕЛ**
**Јасер Асани**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Гостивар и Кичево**
**ул.Браќа Ѓиноски бр.46**
**тел. 042 521-010**

**Образец бр.66**

**И.бр. 150/2021**

Извршителот Јасер Асани од Гостивар, ул.Браќа Ѓиноски бр.46 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Фесал Шабани од Гостивар и живеалиште на с.Градец преку полномошник Адвокат Фатмир Алили, засновано на извршната исправа П4.бр.24/19 од 12.12.2019 година на Основен суд Гостивар, против должниците Џемаил Ајдари од Гостивар живеалиште на ул.Никола Парапунов бр.216, и Рами Бајрами од Гостивар со живеалиште на ул.Гоце Делчев бр.46, за спроведување на извршување во вредност Рами Бајрами денари на ден 20.05.2026 година го донесува следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со второ усно јавно наддавање на недвижноста означена како:КО Гостивар 1 запишана во Имотен лист 103793 при АКН на СМ –ОКН Гостивар со следниве ознаки :

Лист В:

КП.бр 3870,дел 1,Адреса:ул.Гоце Делчев .кат МА,намена СТ.бр.27,внатрешна.површина од 49 м2, соспственост на должниците Џемаил Ајдари и Рами Бајрами

Продажбата ќе се одржи на ден 04.06.2026 година во 12:00 часот во просториите на канцеларија на Извршител Јасер Асани,ул.Браќа Ѓиноски бр 46 Гостивар.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот 150/2021, изнесува 1.242.300,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености //. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200002710389027 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број 5007014508557
На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: Доверител Фесал Шабани
Должници Џемаил Ајдари и Рами Бајрами
Општина Гостивар - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци
Архива на Извршител

И З В Р Ш И Т Е Л
Јасер Асани

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ИЗВРШИТЕЛ ЈАСЕР АСАНИ * ГОСТИВАР

5/20/2026

X

Signed by: JASER ASANI

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Гостивар согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.